MESSER
Gases for Life

# Кодекс на однесување







# Содржина


1 Кодекс на однесување 4

2 Човекови права – Забрана на детски труд, присилно вработување – Дискриминација 5

3 Закон за антимонопол и конкуренција 5

4 Меѓународна трговија – Поддршка за борба против тероризам 6

5 Безбедност, Здравје, животна средина и квалитет (SHEQ) 6

6 ИТ/Безбедност на податоци – Заштита на податоци – Имот на компанијата 7

7 Комерцијална заштита и авторски права 8

8 Односи со трети лица – Антикорупциска регулатива – Инсајдерска трговија 8

9 Конфликт помеѓу личните и интересите на компанијата 9

10 Податоци – Документи – Корпоративни информации 10

11 Нарушување на усогласеноста 10


## *» Почитувани вработени,*



Нашиот Кодекс на однесување поставува стабилна основа со која низ нашето секојдневно работење се применуваат етичките норми како што е интегритет, чесност и законитост. На тој начин ја надополнува и поткрепува нашата мисија, која се состои од наша визија, мисија на нашата корпоративна групација и нашите животни стандарди. Ова го прави Кодексот на однесување составен дел од нашата култура и начинот на кој работиме едни со други, и со нашите соработници и клиенти. Само со градење на овие темелни вредности преку чесна и отворена соработка на сите нивоа, можеме да ја одржиме добрата репутација на нашиот бизнис и со тоа дополнително да го прошириме нашиот економски успех «

**Bernd Eulitz**
Главен извршен директор на Messer SE & Co. KGaA



# 1 Кодекс на однесување

*Во Месер, се стремиме секогаш да дејствуваме со висок степен на интегритет и доверливост во сé што правиме. Од основањето на нашата компанија, Месер го вреднуваше одговорното однесување кон луѓето и животната околина, почитувањето на законот, како темел на начинот на кој работиме.*

Високо ја вреднуваме и ѝ придаваме големо значење на довербата што ни ја даваат деловните соработници, клиентите, властите и јавноста за одговорно и законско однесување на сите вработени во нашата групација, затоа што таа доверба ја одредува нашата репутација и со тоа успехот на нашата компанија.

Кодексот на однесување на Месер[1] се применува низ целата Месер Групација. Дефинира стандардизиран глобално обврзувачки Кодекс на Однесување[2] за сите вработени во Месер, кој се заснова на десет принципи на Глобалниот Компакт на Обединетите нации[3], фокусиран на човековите права, работни стандарди, заштита на животната средина и антикорупција.

Кодексот на однесување е составен дел на Месер системот за управување со усогласеност, кој исто така вклучува дополнителни, поддржувачки упатства за усогласеност за поединечните оддели во нашата компанија.

Ако стандардите наведени во нашиот Кодекс на однесување се различни од она што се бара според важечкото меѓународно или локално право тогаш ќе се применуваат оние кои што се построги. Ова значи дека дури и во случаи кога важечкото меѓународно право или локално право е помалку строго, вработените сепак мораат да се придржуваат до Кодексот на однесување до степен што е законски дозволен.

*Со нашата јасна посветеност на демократија, толеранција и еднакви можности ние целосно сме посветени на нашата глобална одговорност преку сите граници.*

1 Messer ги вклучува Messer Holding GmbH и Messer Industries GmbH, како и нивните консолидирани групни компаниии, и сите горе наведени извршни директори, менаџери и вработени.
2 Овие прописи се применуваат за извршни директори, менаџери и вработени во неконсолидирана компанија. Група, до степен до кој тие се вработени или наредени да работат за Messer или назначени од Messer.
3 Види: www.unglobalcompact.org/languages/german/ или на англиски: unglobalcompact.org/AboutTheGC/index.html.

## 2 Човекови права - Забрана на детски труд, присилно вработување - Дискриминација

*Месер ги почитува меѓународно признатите човекови права и општи етички принципи против детски труд и присилниот труд.*

Различноста во своите вработени Месер ја гледа како една од силните страни на компанијата. Разликата во потеклото, културата, јазикот и начинот на размислување ни даваат конкурентна предност бидејќи подготвеноста и отвореноста за нови работи придонесува за нови идеи и иновации. Месер верува дека секој вработен има право на фер третман, љубезност и почит.

Затоа, очекуваме секој вработен да се однесува со своите колеги и трети страни со почит, праведно, љубезно/пријателски и професионално. Во Месер нема да се толерира ниту една форма на дискриминација - без разлика дали се заснова на пол, етничка припадност, боја на кожа, возраст, религија, потекло или физичка состојба.

*Ќе превземеме решителни чекори против секој вработен кој врши дискриминација, привилегиски третман, вознемирување, отфрлање или кое било друго нарушување на достоинството и почитта на вработените на работното место.*

## 3 Закон за антимонопол и конкуренција

Одредбите од Законот за антимонопол и конкуренција промовираат и штитат слобода, фер и вистинска конкуренција за сите учесници на пазарот и обезбедуваат најдобар интерес на потрошувачите.

Ова забранува обврски и дејствија кои што можат да доведат рестрикција на трговијата или конкурентноста. Месер поддржува енергична, законска, етичка конкуренција и ќе ги почитува законите за антимонопол и конкуренција каде и да работи.

Конкретно ова се однесува на несоодветно одредување на цените, договори за бојкот на одредени држави, набавувачи или клиенти, поделба на клиенти или пазари и договори за ограничување на дистрибуцијата или производството, кои сите претставуваат јасно прекршување. Антиконкурентното однесување, како што е случувањето на незаконски договори со конкуренти има многу тешки последици:

*Од секој вработен се бара да постапува фер и согласно законите и да избегнува прекршување или да се прекине што е можно поскоро - идеално на почеток.*



## 4 Меѓународна трговија - Поддршка за борба против тероризам

Месер е должен да ги почитува и набљудува сите важечки национални, мултинационални и наднационални прописи за надворешна трговија.

Месер ќе создрава и одржува програма за усогласеност со трговија.

Ова особено се однесува на следново:

- Царински регулативи и одредбите поддржани од меѓународната заедница за спречување на ширење на хемиско, биолошко и нуклеарно оружје и нивните системи исто така.
- Забрана за извоз или ре-извоз на одредени производи, технологии и услуги во одредени држави, организации или лица заради спречување меѓународен тероризам.

Затоа, не дозволуваме нашите групациски компании да учествуваат во трговија или трансакции со лица за кои е докажано дека се поврзани со терористички активности или кои припаѓаат или се поврзани со терористички групи или организации. Водењето бизнис во земји под ембарго, со лица под ембарго или организации под ембарго подлежи на ограничување или може да биде незаконски.

При извоз на стоки, треба да се осигура дека е добиена потребната или задолжителната документација за крајна употреба и/или за краен корисник.

Исто така, за увоз на стоки, Месер бара од своите добавувачи да ги усогласат законските барања и да постапуваат на начин што е согласно со Кодексот на однесување на Месер. Месер очекува од своите добавувачи активно да соработуваат во постигнувањето на целите на овој Кодекс на однесување.

Во однос на прописите за надворешна трговија, во принцип законите на сите соодветни правни системи кои се применуваат се обврзувачки.

*Месер ќе се воздржи од влегување во извозен бизнис ако има каков било сомнеж или несигурност дали меѓународната трансакција е законска или дали се исполнети сите важечки трговски прописи.*




## 5 Безбедност, здравје, животна средина и квалитет (SHEQ)

*Со цел да се избегне, спречи, или за безбедно да се справиме со потенцијалната опасност за луѓето и животната средина, се потпираме на чувството на одговорност и одржливост.*

За Месер, тоа значи заштита на животната средина и зачувување на природните ресурси. Затоа, од развој на производи до производство, ние ги почитуваме законите за заштита на животната средина и прописите кои го регулираат здравјето и безбедноста при работа.

Многу од производите на Месер се строго регулирани, затоа што се користат во регулирани индустрии или области како што е здравствената заштита. Месер истражува, развива и работи во корист на луѓето кои ги користат нашите производи. Месер се стреми да осигура дека нашите производи се направени според највисоките стандарди во однос на безбедноста, здравјето, животната средина и квалитетот.

*Секој вработен е одговорен за безбедноста на своето работно место. Сите безбедносни прописи мора да се почитуваат и строго да се спроведат.*

Секој вработен мора да покаже иницијатива кога е во прашање безбедноста, што не е само во негов интерес туку и во интерес на целата наша Групација. Секој вработен ќе ја добие потребната поддршка за да развие свест за потенцијалните безбедносни ризици. Нема поголеми приоритети од сигурноста, здравјето и безбедноста на нашите вработени, клиенти и добавувачи.



Секој вработен е должен да му ги пријави постоечките или потенцијалните опасности на својот претпоставен, веднаш штом ќе стане свесен за нив.

## 6 ИТ/Безбедност на податоци - Заштита на податоци - Имот на компанијата

Во Месер, ние користиме ИТ системи на различни начини.

*Ние ги превземаме сите соодветни и разумни мерки за да обезбедиме, колку што е можно, доверливоста на податоците и пристапот до нив да не се загрозени од технички дефект, човечко недолично однесување или човечка грешка.*

Личните податоци подлежат под посебна заштита. Месер е посветен на заштита на личните податоци на неговите вработени, клиенти, добавувачи, соработници и ќе ги обработува личните податоци само во согласност со важечкиот закон за заштита на лични податоци.



## 7 Комерцијална заштита и авторски права

Резултатите од нашите истражувања и развој, нашите пронајдоци, патенти и сета друга наша интелектуална сопственост се вредни средства и основа за успех, раст и конкурентска предност на нашите Групациски компании.

За да обезбедиме постојана доверба на нашите клиенти, активностите кои се наменети за маркетинг, рекламирање и продажба мора да ги опишуваат нашите понуди законски, праведно и чесно. Заштитните знаци на Месер мора да се користат доследно и соодветно за да се избегне губење на законските права.

Сите официјални реклами и промоции мора да бидат одобрени од Corporate Communications, ова особено се однесува на името и логото на Месер од страна на странските компании.

*Доверливите информации и деловните тајни на Месер се клучни за успехот на компанијата. Затоа доверливите информации и деловните тајни од секаков вид ќе бидат откриени само на лица кои се овластени да имаат пристап до нив и кои се обврзуваат да ги третираат тие информации како такви.*

Од секој вработен се бара да ги почитува правата на интелектуална сопственост и авторските права на трети лица и да се воздржува од нивна неовластена употреба под сите околности.

## 8 Односи со трети лица - Антикорупциска регулатива - Инсајдерска трговија

*Добавувачите ќе бидат избрани исклучиво врз основа на објективни критериуми како што се цена, квалитет, услуга, технички стандарди, соодветност на производот, времетраење на деловниот однос, сертификација според општите стандарди (ISO стандарди) или која е применливоста, стратешки размислувања.*

Личните интереси или личните односи не смеат да влијаат на доделувањето на договорите на каков било начин.

Во однос на деловните активности, вработените смеат да прифатат или да понудат личен бенефит, директно или индиректно, само ако тоа се законски бенефити. Ова особено се однесува на носители на функции, политички партии или кандидати. Дури и појавата на непристојност мора да се избегнува под сите околности.

Месер нема да толерира поткуп во каква било форма. Достапни се соодветните политики за подароци и забава во зависност од компанијата, функцијата на вработениот или регионот.

Законите против тргување со инсајдерски информации ги спречува луѓето да тргуваат за своја или туѓа корист врз основа на релевантни инсајдерски информации за кои станале свесни пред останатите на пазарот. Месер е цврсто посветен на поддршка на фер и отворен пазар на хартии од вредност низ целиот свет.





# 9 Конфликт помеѓу личните и интересите на компанијата

*Секој вработен мора да избегнува конфликти помеѓу интересите на компанијата и приватните интереси. Дури и во случај на приватни интереси вработениот мора да избегне однесување што може да доведе до конфликт на интересите на компанијата.*

За инвестиции што изнесуваат повеќе од 5% од капиталот на конкуренцијата, клиентите и добавувачите бараат претходна согласност од раководството. Ваквите инвестиции од страна на раководството бараат претходно одобрение од одговорното надзорно тело. Раководството или надзорниот орган исто така мора веднаш да биде информирано, ако тоа е законски дозволено, за сите материјални инвестиции на роднини[4] кај конкурентни компании, клиенти и добавувачи.

За склучување договор или која било друга деловна активност помеѓу Месер и вработените, или роднини или правни лица контролирани од вработениот, потребна е претходна согласност од раководителот или надзорниот орган. Во сите случаеви, мора да се осигура дека вработениот за кој станува збор директно или индиректно не е вкчучен во одлуката за доделување на договор.

4 Во делот 9, терминот „роднина" се однесува на следниве лица: (1) Вереник или вереница, (2) Сопружник, (3) Роднини од прв степен, вклучувајќи ги и сопружниците на тие роднини, (4) Браќа и сестри, (5) Деца на браќа и сестри, (6) Сопружници на браќа и сестри, (7) Браќа и сестри на родителите, (8) Лица кои се во врска и живеат подолго време заедно (старател-посвоено дете). Наведените лица сé уште се сметаат како роднини ако (а) во случај на броеви (2), (3) и (6) погоре, бракот со кој биле поврзани две лица веќе не постои, (б) во случај со броевите (3) до (7), врската завршува поради посвојување или (в) во случајот со бројот (8), заедничко домаќинство повеќе не постои, се додека вклучените лица се уште имаат однос родител-дете.

## 10 Податоци - Документи - Корпоративни информации

*Точни детални информации за компанијата мора да се обезбедат навремено. Месер не толерира нуту прекршување на сметководствени / финансиски закони, ниту неточна документација или финансиски извештаи.*

Официјални изјави, особено за печатот или други медиуми мора да се даваат исклучиво од вработени овластени за таа цел.

Потребно е посебно внимание кога се работи со влада или владин контролор. Секоја информација доставена до владата било како клиент или како владин контролор мора да биде вистинита точна и ефикасно да ги штити легитимните интереси на Месер.

Сите релевантни вработени во Месер мора да се осигураат дека известувањата за деловни информации - компјутерски (дигитално), на хартија или во друг формат се точни, вистинити и навремени.



## 11 Нарушување на усогласеност

*Правилата содржани во овој Кодекс на однесување бараат објективен преглед и прилагодување на сопственото однесување, во рамки на стандардите опишани погоре.*

Во некои прилики вработените се чувствуваат несигурни што да прават и покрај упатствата во Кодексот на однесување на Месер. Следниот тест за интегритет ги наведува размислувањата што други ги сметале за корисни кога биле соочени со донесување тешка одлука. Во никој случај не е наменет да биде убедлив.

Секој вработен треба да се запраша дали неговото сопствено однесување:

- Е согласно со законот и компатибилно со вредностите и прописите на Месер.
- Е во најдобар интерес за Месер и не е под влијание на сопствени конфликтни интереси.
- Е под влијание на личното убедување дека ја донел вистинската одлука и го следел својот етички компас.
- Може да се претстави пред претпоставените, колегите, сопственото семејство или пријателите со чиста совест.
- Ќе се спротистави на контрола од трети страни.
- Ја подржува добрата репутација на Месер.

Доколку во конкретен случај постои сомнеж за едно од овие прашања, прва точка на контакт е директно претпоставениот, кој ќе се обиде да ја процени ситуацијата и да го реши проблемот. За квалификуван совет, може да се обратите и до одговорниот службеник за усогласеност.

Во врска со прашањата и грижите на вработените, од сите менаџери и службеници за усогласеност во Месер се очекува да имаат политика на „отворена врата“, голема посветеност и високо ниво на трудољубивост да се обидат да ги решат сите проблеми што можат да се решат.

*Можни прекршувања на усогласеноста може да се пријават само кај одговорно лице согласно со утврдена процедура за известување.*

*Детални информации може да се најдат на нашата интранет страница (https://messernet/en/web/compliance/home) и на нашата веб страница (https://corporate.messergroup.com/en/compliance-management-system) во* ***Упатството за пријавување и справување со прекршување на правилата во Месер.***

За мали прекршувања на усогласеноста, вработените и деловните партнери првенствено треба да пријават кај локалниот службеник за усогласеност, службеникот за усогласеност во регионот или лице за директен контакт во Messer, кое е одговорно за предметот и локацијата. Сепак, тие може да се пријават и преку линијата за интегритет или преку е-пошта (compliance@messergroup.com).

Тешките прекршувања на усогласеност треба да се пријават првенствено преку линијата за интегритет или директно до Главниот директор за усогласеност.

*Линијата за интегритет со која управува надворешен провајдер во име на Messer, достапна е:*

Веб базирана на: www.messer.ethicspoint.com или на телефон (телефонскиот број за Вашата земја може да се најде на веб страната)




**Bad Soden, November 2023**
Messer SE & Co. KGaA



**Bernd Eulitz**
CEO



**Helmut Kaschenz**
CFO



**Dr. Werner Hickel**
COO Asia



**Virginia Esly**
COO Europe



**Elena Skvortsova**
COO Americas

Messer

Gases for Life

**Messer SE & Co. KGaA**
Messer-Platz 1
65812 Bad Soden
www.messergroup.com

Верзија: 11/2023